Управувањето со кризите и заштитата и спасувањето и покрај тоа што се уредени со посебни законски и подзаконски акти по својата природа се доста комплементарни и многу значајни за Република Македонија, граѓаните на Република Македонија, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Цел на ревизијата е да даде **„оценка за ефикасноста на процесот на планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција, подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природните непогоди“** со посебен осврт на снежните лавини и наноси.

Извршувањето на ревизијата на успешност треба да одговори на степенот на ефикасност во процесот на спречување и третирање на ризиците од природни непогоди вклучувајќи ги и снежните лавини и наноси.

Оценувањето на ефикасноста претставува формирање на заклучок за степенот до кој активностите се реализирани имајќи го во предвид односот помеѓу остварените резултати и вложените ресурси за остварување на тие резултати.

Според сознанијата до кои дојдовме при извршувањето на наведената ревизија на успешност и оценката на ризичните подрачја, сметаме дека со ревизијата на успешност може во задоволителен степен да се постигне идентификување на:

- клучните фактори кои влијаат на ефикасноста на процесот на спречување и третирање на ризиците од природни непогоди (снежни лавини и наноси) и нивна анализа,
- утврдување на причините за постојната состојба и
- давање препораки со цел нивно надминување.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.